У-5.бр.205/2020

УПРАВНИОТ СУД во преку судијата: - Димитрула Апостоловска - претседател на совет, со записничар Марко Танвски - судски соработник, решавајќи по службена должност, за поправање на Пресуда на овој суд У-5.бр.205/2020 од 18.03.2020 година, согласно член 331 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управните спорови, на ден 04.05.2020 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ВРШИ поправање на Пресуда У-5.бр. 205/2020 од 18.03.2020 година, на начин што во уводот, изреката и образложението на пресудата на прва страна, секаде каде оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки е со „бр.09-33/16 од 09.11.2019 година“, треба да стои „бр.09-33/16 од 09.01.2020 година“, потоа во изреката на пресудата наместо „ тужителот АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје“, треба да стои „КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје“, на втора страна, втор пасос, втор ред, наместо „Известување У-5.бр.2049/2019 од 27.01.2020 година“, треба да стои „Известување У-5.бр.205/2020 од 26.02.2020 година“, и на страна 3 од пресудата претпоследен пасос, после зборовите „оспореното решение„, наместо „ е законито“, треба да стои „не е законито“.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр. 05/2020 од 18.03.2020 година, тужбата на тужителот КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје ја уважи и оспореното решение на тужениот орган Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-33/16 од 09.01.2020 година, го поништи.

Овој суд по службена должност направи увид во пресудата и списите во предметот, најде дека при изготвувањето на пресудата се направени очигледни технички грешки, на начин што уводот, изреката и образложението на пресудата на прва страна, секаде каде оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки е со „бр.09-33/16 од 09.11.2019 година“, треба да стои „бр.09-33/16 од 09.01.2020 година“, потоа во изреката на пресудата наместо „ тужителот АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје“, треба да стои „КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје“, на втора страна, втор пасос, втор ред, наместо „Известување У-5.бр.2049/2019 од 27.01.2020 година“, треба да стои „Известување У-5.бр.205/2020 од 26.02.2020 година“, и на страна 3 од пресудата претпоследен пасос, после зборовите „оспореното решение“, наместо „ е законито“, треба да стои „не е законито“.

Како судот утврди дека станува збор за техничка грешка при изготвувањето на пресудата, согласно одредбите од член 331 став 1 од Законот

за парнична постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управниот суд на ден 04.05.2020 година под У-5. бр.205/2020.

Записничар - судски соработник
Марко Таневски

Претседател на советот - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот преку овој суд до Вишиот управен суд.

Доставено:

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

-тужител/полномошник
-Тужен орган
-Заинтересирано лице -АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ
Скопје/преку полномошник

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
1